# ЈПКД Тополка Чашка, Општина Чашка

## Извршно резиме

Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД Тополка Чашка, е субјект кој извршува дејности од јавен интерес на подрачјето на Општина Чашка, односно ги обезбедува следните услуги:

- Собирање, обработка и снабдување на вода,
- Отстранување на отпадни води,
- Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад,
- Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад,
- Нискоградба,
- Изградба на комунални објекти,
- Изградба на други објекти од нискоградба,
- Специјализирани градежни дејности,
- Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни инсталатерски работи,
- Останати услуги за чистење (пазарни услуги)
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина (градски површини – паркови, зелени површини, гробишта итн.)
- Забавни рекреативни дејности
- Други лични услужни дејности

## 1. Основни податоци за давателот на комуналните услуги

### 1.1.Институционална поставеност

ЈПКД „Тополка“ - Чашка е основано како Јавно претпријатие за комунални дејности со Одлука на Совет на Општина Чашка бр.0701-15/2 од 27.01.1999 год. запишана во судски регистар под бр.7379/99 од 29.09.1999 год. Како јавно претпријатие за комунални дејности основано е со одлука на Совет на Општина Чашка бр.0101 од 01.10.1999 год.

Статутот на Претпријатието е усвоен од страна на Управниот одбор на 16.12.2001 год. и е потврден од Советот на Општината во 2001 година, со последен пречистен текст на Статутот од 24.02.2023 год. кој ги опфаќа следните промени: Промена во шифрите на дејности, надополнување и изменување во обврските на директорот и условите кои се потребни при избор на Директор.

ЈПКД„Тополка“ - Чашка има својство на правно лице, кое може да стекнува право на подвижни и неподвижни предмети, да стекнува права и да презема обврски. Претпријатието одговара за преземените обврски со сиот свој имот и тоа е самостоен субјект со целосна одговорност.

Со работата на претпријатието раководи Директор на претпријатието, што го избира, односно разрешува Градоначалникот на Општина Чашка, а изборот се врши врз основа на јавен конкурс, со мандат од 4(четири) години.

Во работата на Директорот му помагаат двајца помошници: Советник за управување со човечки ресурси и административно - финансиско работење и Одговорен на контрола.

Други органи на претпријатието се Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење, чии членови се надворешни и се именуваат од страна на Советот на Општината, со мандат не подолг од 4 (четири) години. Управниот одбор се состои од 5 (пет) членови, а Надзорниот одбор од 5 (пет) членови.

## 1.2. Кадровска структура

Организирањето е процес на поделба на работите меѓу групите и индивидуите, и координирање на нивните активности за постигнување на целите на организацијата. Организирањето претставува дел од менаџментот, кој вклучува воспоставување планирана структура од улоги на вработените во извршувањето на мисијата на организацијата. Организирањето ги вклучува следниве работи: 1) определување и класифицирање на активностите, 2) групирање на активностите заради постигнување на поставените цели, 3) распоредување на активностите на поодделни раководители, заедно со овластувањата за контролирање и координирање на работата, по хоризонтално и вертикално ниво. Организациската структура може да се смета како начин за создавање и уредување на меѓусебниот однос на составните делови во една организација.

Организациската структура дава податоци за поделбата на работата, нивото на специјализација на работните активности, организациската хиерархија, постојните врски. Групирањето на вработените и нивните активности по сектори, одделенија и оддели, овозможува поголема ефикасност во процесот на надгледување на работата од страна на претпоставените. Организацијата треба да се гради врз три столба: стабилност, претприемништво и менување на навиките.

Заради остварување на што подобри резултати во работењето и извршувањето на заедничките работи и задачи во склад со карактерот на процесот на трудот, условите за работа, претпријатието е организирано на принцип на организациони единици - сектори, Заеднички служби и Сектор за водовод, канализација и управување со отпад.

1. **Сектор -Заеднички служби**

- Раководител на заеднички служби (работното место е непотполнето)

**Одделение за правни работи – сектор Заеднички служби**

- Раководител на одделението за правни работи - (работното место е непотполнето)
- Советник за управување со човечки ресурси и административно - финансиско работење - (работното место е непотполнето)
- Соработник
- Самостоен референт – магационер - (работното место е непотполнето)
- Хигиеничар - (потполнето)

**Одделение за сметководство и наплата – сектор Заеднички служби**

- Раководител  на Одделение за сметководство и наплата - (работното место е непотполнето)
- Помлад соработник за сметководствени работи (потполнето)
- Самостоен референт за план и анализа - (работното место е непотполнето)
- Самостоен референт -(работното место е непотполнето)
- Самостоен референт за административно – финансиско работење - (работното место е непотполнето)
- Референт по наплата - благајник – (потполнето)

2. **Сектор за водовод, канализација и управување со отпад**

- Раководител на Сектор за водовод, канализација и управување со отпад (работното место е непотполнето)

**Одделение за дистрибуција на вода и канализација – Сектор за водовод, канализација и управување со отпад**

- Раководител  на одделението за дистрибуција на вода и канализација (работното место е непотполнето)
- Референт – инкасант (потполнето)
- Водоинсталатер - монтер – (потполнето)

**Одделение за собирање и транспорт на комунален отпад и комунална хигиена - Сектор за водовод, канализација и управување со отпад**

- Раководител  на одделението за собирање и транспорт на комунален отпад и комунална хигиена (работното место е непотполнето)
- Општ работник (бројот на извршители за ова работно место е делумно потполнет)
- Возач и ракувач на градежна машина (бројот на извршители за ова работно место е делумно потполнет)
- Возач на товарно возило (бројот на извршители за ова работно место е делумно потполнет)
- Чувар на објекти и возен парк - (работното место е непотполнето)

Работните места на вработените во претпријатието се групираат во групи и подгрупи согласно Законот за вработените во јавниот Сектор и Законот за административни службеници, како и Правилникот за систематизација на работни места во ЈПКД Тополка Чашка.

Вкупниот број на вработени заклучно со 29.02.2024 година се 26 лица, од кои 16 лица се редовно вработени, а поради зголемен обем на работа претпријатието преку Агенција за привремени вработувања има ангажирано 9 времено вработени лица во различни сектори, согласно потребите, како и  едно лице кое е избрано/именувано од страна на Градоначалникот на Општина Чашка.